ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
28 октомври 2013
Неделен Билтен
Неделен Билтен

Успешен настап на паланечките каратисти на турнирот во Р.Бугарија

Понеделник, 21 октомври 2013

Карате клубот „Шампион“ од Крива Паланка на 19.10.2013 год. настапи со 22 свои натпреварувачи на Меѓународниот карате турнир „Пирин Куп“ што се одржа во Разлог, Република Бугарија. На натпреварот зедоа учество над 300 каратисти од Словенија, Бугарија, Србија и Македонија.

Настапот може да се оцени како одличен, бидејќи на него покрај веќе стандардните натпреварувачи, земаа учество и наши каратисти кои за првпат ги бранат боите на нашиот клуб и истите имаа успешен настап. Беа постигнати следните резултати:
1.Петар Алексовски-второ место во категорија борби над 40 кг., деца род.2002 год
2.Милена Стојановска- второ место во категорија кати, деца род.2002 год
3.Давид Стојановски- второ место во категорија борби над 32 кг., деца род.2004 год
4.Лука Тасковски- трето место во категорија борби над 32 кг., деца род.2005 и 2006 год
5.Алексеј Стојановски- трето место во категорија борби до 32 кг., деца род.2005 и 2006 год.

Следен настап нашите каратисти ќе имаат на Меѓународниот Меморијален турнир „Никола Грдановски-Нике“ што ќе се одржи на 26.10.2013 год. во Скопје.

Во тек е реконструкцијата и асфалтирањето на улицата „Ратко Минев“

Петок, 25 октомври 2013

Општина Крива Паланка започна со санирање и асфалтирање на оштетените асфалтни површини на улицата „Ратко Минев“. Со реконструкцијата ќе бидат заменети околу 600 м2 оштетени асфалтни површини и заменети со нови. Изведувач на градежните работи е „Лабино –Трејд“ од Гостивар.

Започна асфалтирањето на улицата „Осоговска“

Вторник, 22 октомври 2013

Во рамките на проектот за асфалтирање на девет улици и мост во Крива Паланка, деновиве привршува градбата на улица „Осоговска“ односно се поставува асфалтниот слој и се уредуваат банкините и околниот простор. Улицата беше со првично планирана должина од 518 метри, но по барање на Општината и со одобрение на МСИП-Светска Банка должината е продолжена за уште 70-тина метри.

Изградени се и неколку потпорни ѕидови, а по целата должина поставена е атмосферска канализација.

Општина Крива Паланка

Ул.„Св.Јоаким Осоговски“ 175

opkp@krivapalanka.gov.mk

www.krivapalanka.gov.mk